Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

- Сектор за управување со човечки ресурси -

**Архивски број: 04-** 1815/2
**Датум:**
01-06-2026

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар на министерството за финансии донесе

ОДЛУКА
за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 255/2026 за вработување на административни службеници во Министерството за финансии, а согласно Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас заведен под број 10-1141/9 од 27.05.2026 година, за работното место **Советник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка- Прилеп, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи.......1 извршител**, се избира следниот кандидат:

- Анита Дрвошанова.

2. Раководното лице на Министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за вработување на кандидатот од точка 1 на ова одлука.

3. Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 20.04.2026 година во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за финансии, за работното место **Советник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка- Прилеп, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи.......1 извршител**.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, со Решение бр. 10-1141/3 од 21.04.2026 година и Решение бр. 10-1141/5 од 13.05.2026 година донесено од страна на директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник заведен под бр. 10-1141/4 од 07.05.2026 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-1141/7 од 20.05.2026 година.

На ден 22.05.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-1141/8 од 22.05.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата, до Министерството за финансии доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 255/2026, заведен под бр. 10-1141/9 од 27.05.2026 година.

Согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3) или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор“.

Раководното лице на Министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за вработување на кандидатот од точка 1 на ова одлука.

Имајќи го во вид горенаведеното, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- Агенцијата за администрација;
- архивата на Министерството.

Државен секретар
д-р Андриана Матлиоска

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë – Министерство за финансии – Скопје / Ministria e financave - Shkup

Изработил: Мислиме Џековиќ
Контролирал: Кимет Куртиши
Лилијана Стојановска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски